Паркирањето ќе се одвива во рамките на градежната парцела, а потребниот број на паркинг места ќе се пресмета согласно член 134 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

Комунална инфраструктура

Водоснабдувањето во проектниот опфат ќе се одвива преку постојната водоводна мрежа.

Фекалиите во проектниот опфат ќе се одвива преку постојната фекална канализација.

Атмосферските води во проектниот опфат ќе се слеваат слободно по површината на теренот, односно нема организирано прифаќање и одведување на атмосферските води.

Напојувањето со електрична енергија во проектниот опфат ќе се овозможи преку постојната електрична мрежа која поминува покрај проектниот опфат.

Во проектниот опфат потребно е да се предвиди и квалитетно и естетско јавно осветлување.

Сите инфраструктурни водови да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори.

Инфраструктурните градби треба да се вклопат во општиот амбиент.

Согласно член 112 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23), во процесот на изработување и спроведување на урбанистички план и урбанистички проект се почитуваат следните принципи на одведување на атмосферските односно површинските води од градежна парцела:

1. Во планот или проектот површинските води во градежната парцела мораат да се водат со риголи или со цевковод кон пристапната улица со наклон што не е помал од 1.5%.
2. Во планот или проектот треба да се планираат наклоните на земјиштето и внатрешните сообраќајници на тој начин што нема да ги водат или усмеруваат површинските води од една градежна парцела кон соседна градежна парцела.

Зелена инфраструктура

Во рамките на градежната парцела потребно е да се предвиди зелена инфраструктура. Согласно член 171 од Закон за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20) и Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 111/23) и член 20 од Закон за урбано зеленило (службен весник на Р.С.М. бр. 11/18) и Закон за изменување и дополнување на Законот за урбано зеленило (службен весник на Р.С.М. бр. 42/20), при изработка на урбанистичкиот проект, треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило во рамки на градежната парцела.

5. Општи одредби

При изработката на Урбанистичкиот проект да се запазат одредбите зададени со Извод од општ акт за село Жилче, општина Јегуновце донесен со одлука бр. 08-1626/19 од 29.11.2019 година од Советот на општина Јегуновце, Закон за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20) и Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 111/23), Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23), останати Закони и Подзаконски акти кои се релевантни за проектниот опфат како и сите податоци, информации и мислења од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности.

Инвеститор

Сашо Аневски

Изработувач
ДГПТУ ИДЕА ГРОУП ДООЕЛ Тетово
управител
диа Абдираим Синани

2. Вовед

По барање на инвеститорот, а врз основа на член 58 став (2) од Закон за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20), Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 111/23) и одобрена Проектна програма од страна на инвеститорот се пристапува кон изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на К.П. бр. 682/2, 682/3 и 718 дел К.О. Жилче, општина Јегуновце.

Урбанистичкиот проект ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Закон за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20), Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 111/23), како и подзаконските акти кои произлегуваат од него: Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

3. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат

За Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на К.П. бр. 682/2, 682/3 и 718 дел К.О. Жилче, општина Јегуновце е извршена инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура, врз основа на теренска скица од изработен геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, добиените податоци и информации од надлежни субјекти и увид на терен од планерот, изработувач на Урбанистичкиот проект.

- **Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура**

Во рамките на проектниот опфат на овој Урбанистички проект има 3 постојни објекти, што е констатирано при вршењето на инвентаризација на снимен изграден градежен фонд.

Во рамките на проектниот опфат според постојната состојба застапени се следниве класи на намени:

- А1.5 –Куќи во состав на селски стопански двор
  932 м2 – 30.02%
- Градежно неизградено земјиште
  2173 м2 – 69.98%

Инвентаризација на постојните објекти по намена

Во рамките на проектниот опфат има 3 постојни објекти со намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор од кои 1 објект е куќа, а останатите 2 објекти се помошни и се во состав на селски стопански двор.

Инвентаризација на постојните објекти по состојба на одржаност и конструктивен систем

Според конструктивниот систем објектите се од армирано бетонска конструкција - скелетен систем и се во одржана состојба.

Инвентаризација на постојните објекти по катност

Во рамките на проектниот опфат има 3 постојни објекти од кои 2 објекти се со катност П и 1 објект е со катност П+Пк.

- **Инвентаризација на инфраструктурата**

Изграден сообраќај

Покрај проектниот опфат има постоен пат со бехатон со недифиниран профил, кој се поврзува со регионалниот пат Р29274, Шемшово (врска со Р2242) – Жилче – Лешок (врска со Р1203) кој се поврзува со магистралниот пат А2, граница со Бугарија (ГП Деве Баир) - Крива Паланка - Страцин - Романовце Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија (ГП Ќафасан). Преку горенаведената сообраќајна мрежа градежната парцела се поврзува со останатиот дел од општината Јегуновце, градот Тетово и останатиот дел од Републиката како и пошироко од неа.

Водоводна мрежа

Согласно доставените податоци од ОЈП Јегуновце, во рамките на проектниот опфат по трасата на пристапниот пат на длабочина од 50 см има постојна водоводна линија со профил Ф75 мм која е означена во соодветниот графички прилог.

Фекална канализација

Согласно доставените податоци од ОЈП Јегуновце, во рамките на проектниот опфат по трасата на пристапниот пат на длабочина од 50 см има постојна фекална канализација со профил Ф225 мм која е означена во соодветниот графички прилог.

Атмосферска канализација

Согласно доставените податоци од ОЈП Јегуновце, во рамките на проектниот опфат нема инсталации за примарна атмосферска канализација.

Гасоводна мрежа

Согласно доставените податоци од ГАМА АД Скопје известува дека во рамките на проектниот опфат нема траса на планиран и изведен гасовод.

Електрична мрежа

Согласно доставените податоци под бр. 10-26/6-255 од 21.10.2022 година, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје издава потврда за постојни подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа на објекти во рамките на проектниот опфат и тоа: среднонапонски кабелски вод, среднонапонски надземен вод и трансформаторски станици во која е наведено дека во рамките на проектниот опфат има постојни електроенергетски инсталации кои се означени во соодветниот графички прилог.

Согласно доставените податоци под бр. 11-5668/1 од 21.10.2022 година, АД МЕПСО известува дека проектниот опфат не се пресекува со електро енергетски објекти што се во сопственост на АД МЕПСО.

Телефонска мрежа

Телефонска мрежа – Македонски Телеком АД Скопје и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги, услуги за пренос на податоци, пристап до интернет, мобилни електронски телекомуникациони услуги, јавни говорници. За да може да го следи интензивниот развој во информатичкиот сектор, Македонски Телеком АД Скопје и останатите оператори електронските комуникациски услуги ги обезбедува врз основа на сопствена мрежа со примена на најсовремени технологии. Во овој регион инсталирани се повеќе телефонски централи и оддалечени степени.

Според Просторниот план на Република Македонија во наредниот период ќе се следат и имплементираат најновите техничко - технолошки трендови во светот, широкопојасните услуги, пренос на податоци со големи брзини, а развој на пристапната мрежа ќе биде во согласност со условите и потребите на пазарот.

Телефонските корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку главната телефонска централа во општина Јегуновце.

Мобилна телефонија – Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Македонски Телеком АД Скопје, А1 Македонија ДООЕЛ Скопје и др. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места;
  - подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.) и
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура;
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот;
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Бројот на базните станици зависи од барањата за капацитетот на мрежата во одреден регион и категоријата на подрачјето кое се покрива: градско подрачје, патишта или рурални подрачја. Овој регион целосно е покриен со сигнал и на двата мобилни оператори.

Согласно доставените податоци под број 1404-3017/2 од 27.10.2022 година од Агенцијата за електронски комуникации и доставените податоци под број 46511 од 25.10.2022 година од Македонски Телеком АД Скопје известуваат дека во рамките на проектниот опфат има постојни електронски комуникациски инсталации кои се означени во соодветниот графички прилог.

4. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела

- **Опис и граница на проектниот опфат**

Село Жилче се наоѓа во околината на градот Тетово во месноста Долни Полог, а територијално припаѓа во општина Јегуновце. Селото е сместено во југозападниот дел од територијата на општина Јегуновце. Селото е рамничарско на средна надморска височина од 416 м. Жилче е оддалечено 9 км од Јегуновце и 12 км од градот Тетово.

Проектниот опфат со својата местоположба е во атар на село Жилче во место викано Ограда и Јурија, општина Јегуновце и се наоѓа во југозападниот дел од населениот дел на село Жилче, согласно Општ акт за село Жилче, општина Јегуновце донесен со одлука бр. 08-1626/19 од 29.11.2019 година од Советот на општина Јегуновце.

Проектниот опфат се наоѓа покрај постоечки пристапен пат што води од село Жилче кон село Ратае во непосредна близина на регионалниот пат Р29274, Шемшово (врска со Р2242) – Жилче – Лешок (врска со Р1203) кој се поврзува со магистралниот пат А2, граница со Бугарија (ГП Деве Баир) - Крива Паланка - Страцин - Романовце Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија (ГП Ќафасан). Преку регионалниот пат градежната парцела се поврзува со останатиот дел од општината Јегуновце, градот Тетово и останатиот дел од Републиката како и пошироко од неа.

Проектниот опфат се наоѓа на надморска височина од 419.5 до 420.34 м.

Границата на проектниот опфат на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на К.П. бр. 682/2, 682/3 и 718 дел К.О. Жилче, општина Јегуновце, претставува затворен полигон која се движи по границата на горенаведените катастарски парцели во катастарска општина Жилче, која може да се отчита од дигитализираната ажурирана геодетска подлога.

Површината на проектниот опфат на Урбанистичкиот проект изнесува 3105 м2.

- **Опис и образложение на проектниот концепт**

Согласно Извод од Општ акт за село Жилче, општина Јегуновце донесен со одлука бр. 08-1626/19 од 29.11.2019 година од Советот на општина Јегуновце за конкретниот проектен опфат предвидена е површина за градење со основна класа на намена А1 – Домување во станбени куќи (Куќи за домување), односно А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, согласно Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

Поради потребата од формирање на градежна парцела се пристапува кон изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на К.П. бр. 682/2, 682/3 и 718 дел К.О. Жилче, општина Јегуновце.

Со Урбанистичкиот проект, треба да се обезбеди рационално искористување на проектниот опфат со оформување на градежна парцела и дефинирање на површини за градење со предвидената основна класа на намена, дефинирање на внатрешни сообраќајници со искористување на постојните сообраќајници и дефинирање на истите спрема Општ акт за село Жилче, општина Јегуновце како план од повисоко ниво.

Со овој Урбанистички проект се формира градежна парцела **ГП_Ж.1** со површини за градење, а во согласност со Закон за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20), Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 111/23), Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

При формирањето на градежната парцела **ГП_Ж.1** запазени се општите правила за формирање на селски стопански двор согласно член 185 и 186 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23) каде стои:

Селскиот стопански двор по правило се состои од два дела:
- Станбен и деловен дел или чист дел и
- Економски дел или нечист дел.

Економскиот дел од селскиот стопански двор содржи:
- Градби за одгледување на животни;
- Пратечки објекти за градбите за одгледување на животни;
- Градби за складиштење на сточна храна;
- Градби за складиштење на земјоделски производи и
- Други градби потребни за селски стопански двор.

Во планирањето на селски стопански двор нечистиот дел од дворот мора да се постави во правецот на ветерот зад станбениот дел.

Најмалото растојание помеѓу станбената градба и сточната штала е 15 м.

Гумното, складовите на измет и осока, како и полскиот клозет мораат да бидат оддалечени од станбениот дел најмалку 20 м, низ доминантниот правец на ветер и на пониска кота.

На терен со наклон кон јавниот или пристапниот пат (нагоре) или на терен со наклон од патот (надолу), станбениот дел од селскиот стопански двор секогаш се поставува на највисоката кота од градежната или катастарската парцела.

- **Опис на дејностите и активностите кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри**

Во рамките на проектниот опфат е формирана градежна парцела **ГП_Ж.1** со површини за градење со основна класа на намена:

А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор
со учество на комплементарните и компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во градежната парцела со вкупна застапеност максимум до 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица.

Комплементарните, компатибилните и алтернативните намени се согласно член 80, 81 и 82 и општи правила за компатибилност на намени согласно член 83 и 84 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

Нумерички показатели на урбанистичките параметри
за градежна парцела ГП_Ж.1

Површина на градежна парцела **ГП_Ж.1**	3105 м2.
Површина за градење	932 м2.
Вкупна етажна површина за градење	1202 м2.
Максимална височина на градбите до венец	4 м -10 м.
Максимална височина на кровна конструкција	4.5 м.
Максимален број на спратови	П-П+2.
Максимална висина на нулта плоча	+0.15 – +1.60 м.
Процент на изграденост на земјиштето	30.01%.
Коефициент на искористеност на земјиштето	0.39.
Пристап во градежна парцела	Пристапен пат.
Предвиден број на паркинг места	4.
Паркирањето е во рамки на градежната парцела.	
Површина на зеленило во градежна парцела	1414 м2.
Процент на зеленило во градежна парцела	45.54%.

Во рамките на градежна парцела **ГП_Ж.1** предвидени се **3 градби** со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно и тоа:

Градба број 1 - Куќа

Површина за градење	135 м2.
Вкупна етажна површина за градење	405 м2.
Максимална височина на градбата до венец	10 м.
Максимален број на спратови	П+2.
Кота на нулта плоча	+0.15 – +1.60 м.

Градба број 2 – Помошен објект

Површина за градење	767 м2.
Вкупна етажна површина за градење	767 м2.
Максимална височина на градбата до венец	5.2 м.
Максимален број на спратови	П.
Кота на нулта плоча	+0.15 м.

Градба број 3 – Помошен објект

Површина за градење	30 м2.
Вкупна етажна површина за градење	30 м2.
Максимална височина на градбата до венец	4 м.
Максимален број на спратови	П.
Кота на нулта плоча	+0.15 м.


- **Опис на внатрешен сообраќај и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места**

Колскиот пристап во градежната парцела **ГП_Ж.1** е од Пристапен пат.

Пристапениот пат се поврзува со регионалниот пат Р29274, Шемшово (врска со Р2242) – Жилче – Лешок (врска со Р1203) кој се поврзува со магистралниот пат А2, граница со Бугарија (ГП Деве Баир) - Крива Паланка - Страцин - Романовце Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија (ГП Ќафасан). Преку регионалниот пат градежната парцела се поврзува со останатиот дел од општината Јегуновце, градот Тетово и останатиот дел од Републиката како и пошироко од неа.

Пристапниот пат се поврзува со градежната парцела преку внатрешна сообраќајница за пристап до планираните градби.

Во рамките на проектниот опфат планирани се сообраќајници со следниве профили:



Нивелациски план

Подолжните наклони на сообраќајниците се прикажани во соодвените графички прилози.

Подолжниот пад на Пристапен пат е 0.3%.
Подолжниот пад на Пристапен пат – крак 1 е 1.06%.
Подолжниот пад на Пристапен пат – крак 2 е 2.2%.
Попречниот наклон на планираните сообраќајници изнесува 2%.

Паркирање

Паркирањето е предвидено да се одвива во сопствената градежна парцела.

Потребниот број на паркинг места и неговото димензионирање е во согласност со членовите 130, 131, 132, 133 и 134 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

Во рамките на проектниот опфат за градежна парцела ГП_Ж.1 предвидени се 4 паркинг места.

- **Опис на партерно решение со хортикултура**

Во рамките на градежната парцела ГП_Ж.1, партерното решение во кое спаѓаат сите елементи на уличната мрежа како коловози, тротоари, зелени појаси и сл. е прикажано во соодветните графички прилози од овој Урбанистички проект.

Во рамките на градежната парцела ГП_Ж.1 предвидена е површина за парковско и пејсажно зеленило, согласно член 20 став 1 од Закон за урбано зеленило (службен весник на Р.М. бр. 11/18) и Закон за изменување и дополнување на Законот за урбано зеленило (службен весник на Р.С.М. бр. 42/20).

Површината за парковско и пејсажно зеленило во градежна парцела ГП_Ж.1 изнесува 1414 м2 со процент на застапеност од 45.54%.

- **Опис на водови и инсталации на инфраструктурите**

Водоводна мрежа

Водоснабдувањето во проектниот опфат ќе се одвива преку постојната водоводна мрежа.

Системот на водоводна мрежа кој се предвидува да биде застапен, претставува прстенест тип, кој овозможува континуирано снабдување со вода на било кој корисник во мрежата. Поставувањето на водоводните линии ќе се одвива по трасата на внатрешниот сообраќај, со што ќе се овозможи несметано одржување на истите.

На растојание од минимум 50 м до максимум 150 м ќе бидат поставени водоводни хидранти (надземни или подземни доколку условите не дозволуваат за надземни) кои ќе овозможат гаснење на евентуален пожар.

Фекална канализација

Фекалиите во проектниот опфат ќе се одведуваат во постојната фекална канализациона мрежа.

Атмосферска канализација

Во рамки на градежната парцела атмосферските води ќе се слеваат слободно по површината на теренот, односно нема организирано прифаќање и одведување на атмосферските води.

Електрична мрежа

Во рамките на градежната парцела предвидена е 1 трафостаница со јачина од 400KBA - 10/04KB.

Електрична мрежа е предвидена по трасата на внатрешниот сообраќај од каде продолжува по трасата на пристапниот пат и продолжува до најблиската трансформаторска станица.

Во рамките на градежната парцела се предвидуваат површини за градба со намена за домување.

За домување:
- За просечно електрифициран објект, инсталирана енергија од 1kW / 50 м2;
- Вкупна планирана површина 751 м2.

Вкупна едновремена снага е Pe = 15.02 kW.
За улично осветлување – околу 25 kW.

Вкупна едновремена снага на целиот опфат изнесува: Pe = 40.02 kW, а на ниво на трафостаница со коефициент на едновременост 0.85, едновремената снага е: Pe = 34.017 kW.

Вкупна едновремена снага за претежно омски потрошувачи какви што се во овој опфат и со фактор на снага од 0.9 е: Pe = 36.018 kW.

Од добиените пресметки произлегува дека проектниот опфат може да се напојува од планираните трафостаници.

Нисконапонското напојување се планира да се изведе со кабли поставени во ров во земја, заштитени и обележани до приклучни ормани кои ќе бидат поставени на фасадите од планираните градби.

Јавно осветлување

Јавното осветлување се предвидува да биде со светилки поставени на метални столбови поврзани со трафостаница преку подземен кабел.

За улично осветлување потребно е околу 25 kW.

Телефонска мрежа

Телефонската мрежа е предвидена по трасата на внатрешниот сообраќај од каде продолжува по трасата на пристапниот пат се до најблискиот приклучок.

Сите новопредвидени објекти се поврзуваат со поставување на линии до планираните телефонски шахти на планираната телефонска мрежа, по трасите на улиците, од каде потоа се поврзуваат со телефонска централа. До објектите, каблите се поставени во земја во ров до приклучни ормари, обележани и заштитени по пропис.

Во рамки на проектниот опфат предвидени се 2 телефонски приклучоци.

5. Детални услови за проектирање и градење

Условите за проектирање и градење содржат архитектонски и урбанистички услови кои се утврдени со Закон за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20), Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 111/23), Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23) и графичкиот прилог кој претставува Извод од урбанистички план/проект за градбата која ќе се гради и земјиштето потребно за негова употреба како и условите и посебните прописи од други области.

Анализата на сите елементи дадени во табеларниот приказ и во графичките прилози дадена е во согласност со Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

Со овој Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на К.П. бр. 682/2, 682/3 и 718 дел, К.О. Жилче, општина Јегуновце, се формира градежна парцела **ГП_Ж.1** со површини за градење со основна класа на намена на земјиштето и тоа:

А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор
со учество на комплементарните и компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во градежната парцела со вкупна застапеност максимум до 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица.

Комплементарните, компатибилните и алтернативните намени се согласно член 80, 81 и 82 и општи правила за компатибилност на намени согласно член 83 и 84 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

Нумерички показатели на урбанистичките параметри
за градежна парцела ГП_Ж.1

Површина на градежна парцела **ГП_Ж.1**	3105 м2.
Површина за градење	932 м2.
Вкупна етажна површина за градење	1202 м2.
Максимална височина на градбите до венец	4 м -10 м.
Максимална височина на кровна конструкција	4.5 м.
Максимален број на спратови	П-П+2.
Максимална висина на нулта плоча	+0.15 – +1.60 м.
Процент на изграденост на земјиштето	30.01%.
Коефициент на искористеност на земјиштето	0.39.
Пристап во градежна парцела	Пристапен пат.
Предвиден број на паркинг места	4.
Паркирањето е во рамки на градежната парцела.	
Површина на зеленило во градежна парцела	1414 м2.
Процент на зеленило во градежна парцела	45.54%.

Во рамките на градежна парцела **ГП_Ж.1** предвидени се **3 градби** со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно и тоа:

Градба број 1 - Куќа

Површина за градење	135 м2.
Вкупна етажна површина за градење	405 м2.
Максимална височина на градбата до венец	10 м.
Максимален број на спратови	П+2.
Кота на нулта плоча	+0.15 – +1.60 м.

Градба број 2 – Помошен објект

Површина за градење	767 м2.
Вкупна етажна површина за градење	767 м2.
Максимална височина на градбата до венец	5.2 м.
Максимален број на спратови	П.
Кота на нулта плоча	+0.15 м.

Градба број 3 – Помошен објект

Површина за градење	30 м2.
Вкупна етажна површина за градење	30 м2.
Максимална височина на градбата до венец	4 м.
Максимален број на спратови	П.
Кота на нулта плоча	+0.15 м.

Согласно член 101 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23), границата за градење под котата на теренот како и градбите што се планираат да се градат целосно под котата на теренот се совпаѓаат со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

Растојанијата помеѓу површината за градење и страните на градежната парцела да се во согласност со член 107 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21,
104/22 и 99/23).

Градежната линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите, согласно член 108 и 109 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

За добивање на одобрение за градење за градбите во рамките на градежната парцела, да се изработи Основен проект согласно член 47 од Законот за градење (службен весник на Р.С.М. бр. 130/09) и Законот за изменување и дополнување на законот за градење (службен весник на Р.С.М. бр. 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 и 279/20) и согласно овој Урбанистички проект.

Потребен број на паркинг места да е во согласност со член 134 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21,104/22 и 99/23) и истиот ќе претставува услов за добивање на максималната површина за градење и максимален број на спратови.

Процентот на озеленетост да изнесува мин 20% од површината на градежната парцела согласно член 171 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 219/21,104/22 и 99/23) и член 20 став 1 од Законот за урбано зеленило (службен весник на Р.М. бр. 11/18) и Закон за изменување и дополнување на Законот за урбано зеленило (службен весник на Р.С.М. бр. 42/20).

За противпожарна заштита да се димензионираат и предвидат потребен број на хидранти и истите да се поврзат на соодветно димензионирана хидрантска мрежа.

За приклучок на градбите на водоводна мрежа да се побара согласност од ОЈП Јегуновце.

За приклучок на градбите на фекален колектор, да се побара согласност од ОЈП Јегуновце.

За приклучок на градбите на телефонска дистрибутивна мрежа да се побара согласност од телекомуникацискиот оператор во Македонија, подружница Тетово.

За приклучок на градбите на електронапонска дистрибутивна мрежа да се побара согласност од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, КЕЦ Тетово.

На објектите да се постави громобранска инсталација.

Подрачјето на проектниот опфат се наоѓа во зона на очекувани земјотреси од 8 степени по Меркалиевата скала што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива со која се утврдени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградба на нови објекти.

Доколку при градба на објектот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (службен весник на Р.С.М. бр. 20/04) и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство (службен весник на Р.С.М. бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

6. Мерки за заштита

– Мерки за заштита на животната средина

Право и должност на Република Северна Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица е да обезбедат услови за заштита и унапредување на животната средина, заради остварување на правото на границите на здрава животна средина, регулирано со:

- Закон за животната средина (службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за заштита на природата (службен весник на Р.М. бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 151/21);
- Закон за квалитет на амбиенталниот воздух (службен весник на Р.М. бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13 и 10/15);
- Закон за управување со отпад (службен весник на Р.С.М. бр. 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (службен весник на Р.С.М. бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и службен весник на Р.С.М. бр.151/21);
- Закон за заштита и спасување (службен весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21);
- Закон за водите (службен весник на Р.С.М. бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и службен весник на Р.С.М. бр. 151/21);
- Уредба за класификација на површинските води (службен весник на Р.М. бр. 99/16 и службен весник на Р.С.М. бр. 246/18, 276/19 и 256/21);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (службен весник на Р.С.М. бр. 18/99 и 71/99);
- Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина преку запазување на поставените стандарди потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина (службен весник на Р.С.М. бр. 74/05), потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието врз животната средина ја донесува органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.
- Согласно Законот за животна средина како и Законот за заштита на природата, правните и физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оценка на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на влијанието врз животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на проектот.

- Согласно законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните лијанија на отпадот врз животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиенти и пејсажите во предвидениот простор.

Притоа создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Во современото планирање на просторот задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можни штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа заштитата на биолошката разноводност, заштитата на пределската разновидност и заштитата на природното наследство.

Притоа, при реализацијата на конкретниот локалитет потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата (службен весник на Р.М. бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 151/21).

- **Мерки за заштита и спасување**

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Во комплексот на мерките од превентивен карактер, проектантот задолжително треба да ги вгради мерките за заштита и спасување, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (службен весник на Р.С.М. бр. 105/05).

1. Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот. урбанизирање на населбите н нзградба на објектите.

   Во урбанистичкнте решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини и предвидување на депонии за складирање на градежниот отпад.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Северна Македонија. изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

При изработка на урбанистичкиот план и техничко проектната документација за комерцијалните и деловните објекти - доколку ги има, да се предвидат и пропишаните мерки за заштита од пожари согласно Закон за заштита и спасување (службен весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21) и Закон за пожарникарството (службен весник на Р. М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и службен весник на Р.С.М. бр. 152/19) и останати законски и подзаконски акти кои се во врска со оваа проблематика.

2. Мерката засолнување треба да биде вградена уште во фаза на планирање на просторот, согласно Закон за заштита и спасување (службен весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21) и горенаведената уредба.

3. Радиолошката, биолошката и хемиската заштита во проектната документација потребно е да се разработи согласно одредбите од Закон за заштита и спасување (службен весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21) и останати законски и подзаконски акти кои се во врска со оваа проблематика.

4. При изработка на проектната документација да се разработи мерката асанација на теренот.

5. При изработка на проектната документација потребно е да се разработи мерката заштита и спасување од поплави.

6. При изработка на проектната документација потребно е да се разработат и останатите мерки за заштита и спасување согласно одредбите од Закон за заштита и спасување (службен весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21) и останати законски и подзаконски акти кои се во врска со оваа проблематика.

Согласно критериумите од член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување (службен весник на Р.С.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21), засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштитата се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (службен весник на Р.С.М. бр.105/05).

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје и истите потребно е да се вградуваат во урбанистички план.

Изградба на засолништа се утврдува според следните критериуми:
- во станбени објекти, на 40 м2 корисна површина едно засолнишно место;
- во деловни објекти, на 20 м2 корисна површина едно засолнишно место;
- во објекти за складирање, на 80 м2 корисна површина едно засолнишно место;
- во образовни, културни, спортски и угостителски објекти, на две третини од бројот на посетители предвиден во проект на објектот.

Јавните засолништа се планираат согласно програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмите на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите ќе се вградуваат во Урбанистичките и Основните проекти.

Да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари односно ширината на пристапниот пат за ПП возила не сме да биде помала од 5.5 метри согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (службен весник на Р.С.М. бр. 231/2020) и Закон за пожарникарството (службен весник на Р. М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и службен весник на Р.С.М. бр. 152/19).

Исто така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти на растојание од 80 до 150 метри што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непречен пристап *за* противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот.

Мерката за заштита од пожари ќе се применува при изработка на Основните проекти за предвидените објекти, а согласно намената на објектите ќе се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожарни експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (службен весник на Р.С.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21), Закон за пожарникарството (службен весник на Р. М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и службен весник на Р.С.М. бр. 152/19) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Громобранската инсталација ќе се реши со Урбанистичките или Основните проекти за секој објект посебно со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Со оглед на конфигурацијата на теренот што претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Да се предвидува мерката од поплави како и мерката за заштита од техничко - технолошки катастрофи согласно Законот за заштита и спасување (службен весник на Р.С.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21).

Заради организирано спроведување и спасувањето, учесниците во системот донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Истиот содржи превентивни и оперативни мерки и постапки за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:
- При планирање и уредување на просторот и населбите;
- Во проектите за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија како и за јавна администрација, културно и туристичко угостителска дејност;
- При изработка на објекти од инфраструктура;
- При изработка на Ааархитектонско урбанистичките и Основните проекти, а во завосност од конфигурацијата на теренот каде што претставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања;

- **Мерки за заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди**

Поплавите на територијата на општина Тетово ретко се појавуваат, а најголеми последици предизвикуваат поројните дождови кои предизвикуваат излевањето на водите од коритата и каналите при што настануваат штети во земјоделието, индустријата, водостопанството, станбените и стопанските објекти, патниот и општествените дејности и друга инфраструктура.

Во територијата на општина Тетово не постои целосен изграден систем за заштита и спасување од поплави и како резултат на бакбата состојба, водостопанските објекти недоволно и несоодветно се одржуваат, што претставува пречка за ефикасноста при преземањето на активностите и мерките за заштита и спасување од настанатите поплави.

Со цел елиминирање или намалување на опасностите од појава на поплави како и успешно справување со последиците кои може да бидат предизвикани со настанување на евентуални поплави, потребно е да се преземат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување, од страна на сите субјекти кои имаат одредени надлежности на планот на заштита од поплави и коа како во редовните услови за работа, така и во услови на појава на поплави и како природна непогода.

Предвидените и оперативните мерки за заштита од поплави кои ќе бидат опфатени се:

- редовно и навремено чистење на хидромелиоратиниот систем;
- континуирано одржување на каналите од хидромелиоративниот систем (примарна, секундарна и терциерна каналска мрежа) во исправна состојба;
- воспоставување на соодветен режим на работа на каналите од хидромелиоративниотсистем, имајќи ги предвид капацитетот и пропусната моќ на истите;
- редовно одржување на водостопанските објекти (шахти, вентили, пумпи, затфарачи и слично);
- технички решенија за уредите за известување и тревожење на населението во загрозените;
- воспоставување на систем за автоматско јавување за можна поплава и негово поврзување со сите надлежни институции;
- кај подрумските простории ќе бидаат изведени бунари за изцрпување на вода од евентуални поплави.

При изработка на планска документација да се предвидаат и пропишат мерките за заштита на поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (службен весник на Р.С.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

- **Мерки и стандарди за мобилност и пристапност**

Со изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови треба да се обезбедува надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционалната пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите и подрачјата во и вон населените места за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност.

Под лица со инвалидитет во смисла на Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) се подразбираат лица со трајни или привремени телесни, ментални и/или сетилни оштетувања или нарушувања, на коишто урбаните и архитектонските препреки им ја намалуваат или оневозможуваат мобилноста, пристапноста кон градбите и подрачјата, а со тоа и учеството во општеството на рамноправна основа и остварувањето на основните човечки права.

Надминувањето на урбаните бариери и обезбедувањето на пристапност и проодност на јавните простори и градби подразбира утврдување на мерки и плански одредби што се применуваат во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови.

Мерките за пристапност и проодност, како и за надминувањето на урбаните бариери, што се составен дел на урбанистичките планови се однесуваат на:

1. јавни сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба од групите на класи на намени Д и Е;
2. станбени и станбено-деловни згради со десет и повеќе станови од групата на класи на намени А и
3. градби за јавна употреба со институционални, деловни и комерцијални намени од групите на класи на намени Б и В.

– **Мерки за заштита на културно – историско наследство**

Согласно Министерство за култура на Р.С.М., Управа за заштита на културно наследство, известува дека нема индикации дека во рамките на проектниот опфат има заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на урбанистичкиот план дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (службен весник на Р.С.М. бр. 20/04) и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство (службен весник на Р.С.М. бр. 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

– **Мерки за заштита од воени разорнувања**

Согласно Просторниот План на Република Северна Македонија, Закон за одбрана (службен весник на Р.М. бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15 и службен весник на Р.С.М. бр. 42/20), Закон за заштита и спасување (службен весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21) и Закон за управување со кризи (службен весник на Р.М. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и службен весник на Р.С.М. бр. 215/21), проектниот опфат се наоѓа во регион со среден ризик од воени дејства. Според тоа, согласно Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа дека објектите кои се предвидува да се градат пред се треба да бидат отпорни на сеизмички дејствија.

– **Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи**

Подрачјето на проектниот опфат е сеизмичко активно со интензитет од 8 степени според Меркалиевата скала. Поради тоа е неопходна примена на соодветната нормативно – правна регулатива при проектирањето и изведбата на објектот и неговите пратечки содржини.

За заштита од огнени стихии потребно е да се превземат соодветни мерки за заштита од пожари.

- **Мерки за заштита од технички катастрофи**

Основна превентивна мерка за заштита од технички катастрофи е планирањето кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти при одржувањето на опремата и инсталациите, треба да создаде прифатлив и сигурен однос кон животната средина. Поради тоа треба да се превземат сите мерки за правилно одржување на опремата и инсталациите, а заради избегнување на технолошки катастрофи.

- **Мерки за заштита за загрозеност од техничко - технолошки несреќи**

Мерките за заштита од техничко-технолошки катастрофи во себе содржат, покрај непосредната заштита на човекот и материјалните добра и нагласена еколошка димензија. Еколошката димензија на заштитните мерки тргнува од сознанието дека животната средина е ограничен ресурс, кој во одделни средини, а и во глобални рамки, е доведен на границата на издржливост.

Една од можните неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко-технолошки катастрофи е просторното и урбанистичкото планирање, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:
- Оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеносг од појава на технички катастрофи;
- Оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- Анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- Дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките истеми и при појава на инцидентни случаи;
- Процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- Утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може да се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко - технолошки катастрофи:
- Максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- Вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животни и материјалните добра од техничко - технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- Интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на безбедносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбег нуваање на техчолошките катастрофи.

Второ ниво: на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски несреќи.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар или експлозии.

Врз основа на констатациите и заклучоците кои произлегуваат од анализата на состојбите во републиката и условите за појавата на несреќи и технолошки катастрофи изготвена од Институтот за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје содржана во експертскиот елаборат:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките несреќи, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи;
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки;
- Потребата од замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци до 50% и редукција на емисија на бензин, хлорметан, духлорметан, бакар и кадмиум од 60-70%, намалување на емисијата на јаглероден-диоксид и сулфур-диоксид и дефосфатизирање и денитрофицирање на отпадниот материјал;
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

7. Нумерички дел

- **Табела со билансни показатели за проектниот опфат**

Површина на проектен опфат 3105 м2	А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор	Зеленило	Е1 – Сообраќајнаи инфраструктури	Градежно неизградено земјиште
Постојна состојба	932 м2 30.02%	0 м2 0%	0 м2 0%	2173 м2 69.98%
Планирана состојба	932 м2 30.02 %	1414 м2 45.54%	759 м2 24.44%	0 м2 0%
Разлика	+/- 0 м2	+1414 м2	+759 м2	-2173 м2

- **Табела со нумеричките показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат**

ТАБЕЛА ЗА НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

број на градежна парцела	основна класа на намена	компатибилни класи на основната класа на намена	површина на градежна парцела	планирана површина за градење	планирана вкупна етажна површина за градење	максимална височина на градбите до слеме	максимален број на спратови	максимален процент на изграденост	коефициент на искористеност на земјиште	пристап во градежна парцела	предвиден број на паркинг места	вид и начин на паркирање	површина на зеленило во градежна парцела	процент на зеленило во градежна парцела
ГП_Ж1	А1.5	согласно правилник	3105 м2	932 м2	1202 м2	4 м - 10 м	П-П+2	30.01%	0.39	Пристапен пат	4	во градежна парцела	1414 м2	45.54%

број на градба во градежна парцела ГП_Ж1	опис на дејностите и активностите во градбата	планирана површина за градење	планирана вкупна етажна површина за градење	максимална височина на градбата до слеме	максимален број на спратови
1	куќа	135 м2	405 м2	10 м	П+2
2	помошен објект	767 м2	767 м2	5.2 м	П
3	помошен објект	30 м2	30 м2	4 м	П

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
KOMUNA E JEGUNOVCIT
(грб и име на надлежна општина)

Број: **11-109/2 од 16.01.2023 година**
(архивски број) (датум)

Одделение за урбанизам, комунални работи, и заштита на животна средина, патишта и улици и локален економски развој
(име на надлежен сектор во општина)

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____

ОПШТ АКТ: **ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЖИЛЧЕ ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ**
(наслов на урбанистички проект)

Одлука бр: 08-1626/19 од 29.11.2019 година
(број и датум на Одлука со која е донесен планот)

Намена на градба: А1 – Домување во станбени куќи

Ул.″_____″ бр. _____

К.О. Жилче **К.П. 682/2 и 718 дел**
(катастарска општина) (број на катастарска парцела)

ДЛ: _____ **М 1: 2500**
(број на детален лист) (размер)

ИЗВОДОТ ЗА **К.П. 682/2 и 718 ДЕЛ ВО К.О. ЖИЛЧЕ**
(една или повеќе градежни парцели / **катастарска парцела во катастарска општина** / блок / четврт / урбана единица / цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со:**
- Легенда
- Табела со нумерички показатели
- **По потреба и заверена копија од други графички прилози со легенда**

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**


- **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.
- **По потреба заверена копија и од други услови**


3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил:
Јана Серафимовска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË VERIUT * ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ * KOMUNA E JEGUNOVCIT * ЈЕГУНОВЦЕ JEGUNOVC

Градоначалник
Димитар Костадиноски


SREDWE PŌQE
E1
A1
B1
B5
Crkva
Nikole


357
357/1
357/2
356
353/1
353/2
353/3
359
358
355
355/1
355/2
E1
364
364/1
364/2
365/1
365/200
370/3
370/4
686
680/1
682/1
682/2
683
683/1
683/3
683/4
683/5
683/200
684
684/1
684/2
684/3
684/4
687
688
688/1
688/2
688/3
688/4
688/5
688/6
688/7
A1
B5
693
694
692
Д4
Crkva

ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЖИЛЧЕ
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
М=1:2500

ЛЕГЕНДА

КЛАСИ НА НАМЕНА:

А ДОМУВАЊЕ

А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ

В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1 ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

В5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ - ЦРКВА

Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО

Д3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Д4 МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ - ГРОБИШТА

Е ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА - СООБРАЌАЈНА ПОВРШИНА

Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА - РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р29274

ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА ТС 10/0,4kV

ПОСТОЕН СРЕДНОНАПОНСКИ ВОД НА ЕВН 10(20) kV

ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА

ПОСТОЕН ВОДОВОД

Јулче

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦА БР. 0.095

НАРАЧАТЕЛ
ОПШТИНА ЈАГУНОВЦЕ

СОДРЖИНА НАМЕНСКИ ЗОНИ И ОЗНАЧЕНИ ТРАСИ НА ВЛЕЗНО-ИЗЛЕЗНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО

ФАЗА
ОПШТ АКТ

0

СИЛВАНА ВАНОВСКА дипл.инж.арх. Овластен планер 0065

ТЕХ.БР. 20-6/19

ПЛАН
ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЖИЛЧЕ

ПЛАНЕРИ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065
ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА диа овластување 0.0381


ЕМИЛИЈА СПИРОВСКА дипл.инж.арх. Овластен планер 0381

СОРАБОТНИК
ИРИНА ТОДОРОВА миа

УПРАВИТЕЛ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа

РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
М = 1: 2500	ОКТОМВРИ 2019	6

ЛШОВО



ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ОПШТ АКТ П= 91,25Ха
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ
- ЛИНИЈА НА ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА СРЕДНОНАПОНСКИ НАДЗЕМЕН ВОД

3.4 Општи услови за градба, развој и користење на земјиштето во рамки на наменските зони

3.4.1 Општите услови за градба, развој и користење на земјиштето во рамките на утврдените наменски зони во графичкиот приказ, се вршат според конкретните услови на лице место, одредбите пропишани во Одлуката за утврдување на условите за начинот на градењето во **село Жилче**, Општина Јегуновце, Законот за просторно и урбанистичко планирање и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот закон.

3.4.2 При формирањето на градежни парцели потребно е да се почитуваат имотно правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да претставуваат градежна парцела.

3.4.3 Постојните катастарски парцели се идни градежни парцели и претставуваат ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на право на градење согласно со чл.16 и чл.17 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или кога во рамките на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат две или повеќе градби потребно е да се изработи Архитектонско – урбанистички проект согласно чл. 51 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

3.4.4 Основниот принцип за оформување на градежна парцела е да градежното земјиште се наоѓа непосредно до земјиште за општа употреба така да до парцелата може непречено да се пристапува и таа да може самостојно и независно да се гради, употребува и одржува. Во таа смисла при оформувањето на идната градежна парцела треба таа да се поклопува со просторот кој го зазема и го користи сопственикот на катастарската парцела, со можност за незначително зголемување и намалување на градежната парцела заради обезбедување на простор за оформување на една сообраќајница, но имајќи во предвид дека треба да бидат исполнети условите од чл.20 и чл.21 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.4.5 Во случаи каде што постојните катастарски парцели се идни градежни парцели, површината за градење ќе се реализира со изработка на ситуационото решение во Основниот проект каде ќе бидат презентирани сите урбанистички елементи и параметри кои ги дефинираат условите за градба, користење и развој на просторот и објектите во идната градежна парцела.

Во случаи каде градежните парцели се формираат со Архитектонско урбанистички проект, согласно чл. 51 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* "Сл.весник на Р.Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), површината за градење и сите урбанистички елементи и параметри кои ги дефинираат условите за градба, користење и развој на просторот и објектите во идната градежна парцела ќе бидат дефинирани со неговата изработка.

Во двата случаи, површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели при што минималното растојание од површината за градење до границата на парцела кон постоечка сообраќајница не треба да е помало од 3 м, согласно на чл. 83 од Правилникот за стандарди *и нормативи за*

урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.4.6 При спроведување на Општиот акт, со Архитектонско-урбанистички проекти може да се утврдат градежни парцели со класи на намени кои се компатибилни во однос на намената на зоната во која се наоѓаат. Притоа, збирот на површините на градежните парцели со компатибилни класи на намени не треба да зафати повеќе од максимално дозволениот процент на учество од површината на наменската зона за да не се смени карактерот на зоната.

3.4.7 Во планскиот опфат егзистира училишен објект на Подрачното основно училиште на ООУ „Шемшово". При формирањето на наменската зона со класа на намена В1-образование и наука не само што треба да се почитуваат стекнатите права, наменската зона треба да се планира и согласно податоците од демографскиот развој од планираниот број на жители, а процентот на ученици во основно образование е 12%.

Како исклучок, за наменската зона В1 – образование и наука при разработка на парцелата не се дозволуваат компатибилни намени, односно наменската зона ќе се користи исклучиво за В1 – образование и наука и Д3 – спорт и рекреација со максимум 20% учество од основната класа.

3.4.8 Во рамки на наменската зона А1 – домување на станбени куќи, со Архитектонско-урбанистички проекти може да се утврдат градежни парцели со намена А3 – групно домување како сродна намена на наменската зона, а во согласност со реалните потреби на населеното место. Притоа, потребно е да се сочува карактерот на зоната, така што нема да се надмине максимално дозволениот процент на учество на други намени во рамки на наменската зона согласно табелата од Прилог 1 кој е составен дел на *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во рамките на урбаниот опфат на Општиот акт за село Жилче, изградбата на објекти со намена А1 – домување на станбени куќи, треба да подлежи на добивање посебни дозволи за градба, при што треба длабочината на земјениот ископ за темелење да биде ограничена, согласно со претходно извршени геолошки истражувања на кон кретната локација.

3.4.9 Површината за градење е планска одредба и нејзината диспозиција во градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење, што е дефинирано во чл.40 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.4.10 Максималната височина на градбата е планска одредба со која се регулира планирањето на истата во согласност со членовите 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во сите наменски зони максималната висина на градбите ке се утврдува со изработка на Основен проект, односно со изработка на АУП со кој се оформува градежна парцела согласно чл. 51 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

3.4.11 Процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето е зависен од постојната состојба и истиот ке се одреди за секоја парцела поодделно на ниво на наменска зона. Истиот е дефиниран во граници на дозволените вредности во членовите: 49 до 53 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.4.12 Од Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за води е добиено известување (бр.11-3818/2 од 07.10.2019) дека нема

идентификувано водотеци и водостопански објекти за кои треба да се предвидат мерки од аспект на заштита на водите и дека планскиот опфат се наоѓа во втората поширока заштитна зона на изворот Рашче.

При спроведување на Општиот акт во чиј плански опфат има води, како добра од општ интерес во сопственост на Република Северна Македонија, да се почитува нивната посебна заштита на начин и под услови одредени од *Законот за води* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 42/12, 23/13 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16). Согласно Законот за води, во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат Советот на Општината и Советот на Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општините и на Градот Скопје, по предходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Реализација на Општиот акт во крајбрежниот појас од 50 м. е условена со реализација на наведените обврски од Законот за водите, а доколку не е донесена Одлука за ширината на крајбрежниот појас, да може реализацијата да се овозможи со водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторни планирање, Управа за животна средина – Сектор води.

3.4.13 Доколку во опфатот на Општиот акт поминува траса на гасовод, при спроведување да се почитува заштитниот појас на гасоводот, а за парцелите кои се наоѓаат во рамки на истиот, задолжително да се обезбеди позитивно мислење од надлежното претпријатие кое стопанисува со гасоводот.

3.4.14 Доколку во опфатот на Општиот акт поминува траса на далековод, при спроведување да се почитува заштитниот појас на далеководот, а за парцелите кои се наоѓаат во рамки на истиот, задолжително да се обезбеди позитивно мислење од надлежното претпријатие кое стопанисува со далеководот.

3.4.15 Доколку во опфатот на Општиот акт поминува траса на железница, при спроведување да се почитува заштитниот појас на железницата, а за парцелите кои се наоѓаат во рамки на истиот, задолжително да се обезбеди позитивно мислење од ЈП Македонски Железници во однос на постојната или планираната траса на железницата и нејзиниот заштитен појас.

3.4.16 Во рамки на опфатот на Општиот акт, потребно е да се обезбедат услови за соодветно собирање, чување, предтретман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад, кој ќе се одлага во заеднички контејнери, а определувањето на нивните локации да се изврши со Одлука на Советот на Општина Јегуновце.

3.4.17 Зеленилото е составен дел на идните градежни парцели, а минималниот процент на озеленетост во секоја градежна парцела, согласно член 20 од *Законот за урбано зеленило* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр. 11/18) треба да изнесува минимум 20 %.

3.4.18 Потребите за паркирање и гаражирање ќе ги решава корисникот на градежната парцела во рамките на сопствената парцела.

Еден од основните услови за формирање на идна градежна парцела од постојните катастарски парцели е да таа има непосреден пристап од постојните сообраќајни површини (постојни улици) или ако инвеститорот сам си обезбеди колски пристап до новата градежна парцела преку новоформирана сообраќајна површина.

Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот неможе сам да го обезбеди, неможе да се утврдат услови за градба.

Паркирањето и гаражирањето ќе ги решава корисникот на градежната парцела во рамките на сопствената парцела, со почитување на условот да обезбеди потребен

број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина, катност и површина за градба, а во согласност со чл. 59 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Истото ќе се дефинира со изработка на Основен проект или Архитектонско урбанистички проект.

3.4.19 Изградбата на сите објекти и инсталации од комуналната инфраструктура, како и целокупното уредување на предметниот плански опфат, треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, прописите од областа на урбанизмот, архитектурата и градежништвото, а во согласност на овој општ акт, односно Општите услови што се негов составен дел.

3.4.20 Право и должност е на Република Северна Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Законот за животна средина („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 50/03, 81/05, 24/07, 159/08, 83/0948/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатста и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

При спроведување на Општиот акт да се почитува целокупната законска и подзаконска регулатива која се однесува на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот; обезбедување на заштита од загадување на воздухот, водата и почвата; управување со отпад и заштита од бучава.

3.4.21 Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје и истите потребно е да се вгардуваат. Изградба на засолништа се утврдува според следните критериуми:

-во станбени објекти , на 40 м2 корисна површина едно засолнишно место;
-во деловни објекти , на 20 м2 корисна површина едно засолнишно место;
-во објекти за складирање,на 80 м2 корисна површина едно засолнишно место;
-во образовни ,културни, спортски и угостителски објекти , на две третини од бројот на посетителите предвиден во проект на објектите.

За конкретниот проектен опфат на **Општиот акт за село Жилче**, Општина Јегуновце, нема изградено засолништа.

За заштита на предметниот плански опфат од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00м, на коридорот на улиците;
- при рушење објектот ја зафаќа х/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Заштитата од урнатини сеобезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти, согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на мерките за заштита на спасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ 100/10 год.).

Да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, односно ширината на пристапниот пат за ПП возила несмее да биде помала од 6м, согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 32/11) и Законот за пожарникарство – пречистен текст („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 168/17). Исто така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите на надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозножи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесуваат најмалку 5 м., а најмногу 80м.

При изработка на основните проекти потребно е да се реши меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето, односно потребното меѓусебно растојание на градбите треба да изнесува 1/2 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од осум метри согласно член 19 од Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.32/2011).

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремно откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на градбите во кои се произведуваат и складираат опасни метерии, сопствениците и корисниците на градбите и уредбите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на градби во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на атмосферската и канализациона мрежа.

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските градби, кои во производниот процес употребуваат метерии или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и матријалните добра. Во планскиот опфат на **Општиот акт за село Жилче**, Општина Јегуновце, има индустриски градби, па при проектирањето мора доследно да се применуваат законската и подзаконската регулатива кои ја регулираат соодветната проблематика.

При изработка на основни проекти, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа потребно е да биде изготвен Елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

3.4.22 Според податоците од Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за заштита на животната средина, а согласно евиденцијата на природно наследство на територијата на Р.Македонија и Секторската студија за заштите на природното наследство изготвена за потребите на Просторниот план на Р.Македонија, предметниот опфат се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја во државата, а притоа истиот е внатре во II зона на заштита на изворот Рашче.

Врз основа на тоа, од надлежната институција ЈП Водовод и канализација – Скопје, со користење на карти со кои располагаат, добиени се податоци (допис бр.1302-3346/2 од 14.10.2019) од кои е констатирано дека селото Жилче се наоѓа во **Втора поширока заштитна зона на изворот Рашче**. Потребно е почитување на *Одлуката за утврдување на границите на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита* („Сл.весник на СРМ“ бр.36/1990) и *Просторниот план на регионот за заштитните зони на изворот Рашче* („Сл.весник на РМ“ бр.98/02) т.е.

- **согласно Одлуката**: во втората поширока заштитна зона (зона на хигиено-епидемиолошко ограничување и следење) се забранува:

1. Експлоатација на песок, чакал и камен од коритата и бреговите, на природните водотеци, како и користење на земјиштето на начин во обем со кој се загрозуваат неговите природни вреднссти, квалитетот, количествата на водите и режимот на површинските и подземните води.,

Експлоатација на минерални суровиии се дозволува доколку со стручна експертиза се докаже дека нема штетно влијание врз подземните водоносни слоеви.

2. Испуштање на непречистени отпадни води во водотеците и подземните води;
3. Депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии; и
4. Испуштање на масла, токсични и радиоактивни материи

Во подрачјето на оваа заштитна зона се дозволува пошумување и користење на земјиштето за земјоделско производство со примена на вештачки и природни

ѓубрива и употреба на хемиски заштитни средства кои не содржат неразградливи отровни и штетии материи. Испуштањето на отпадните води во отворените водотеци се дозволува после нивното пречистување според критериумите за водотеци од II категорија на профилот на испуштањето.

- **согласно Просторниот план:**

Вториот степен на заштита ќе се спроведува во подрачјето на Втората заштитна зона, на делот од котлината во Долен Полог, чии граници се дефинирани со графичкиот прилог.

Во доменот на населбите треба да се преземаат следниве мерки:

- Изработка, односно ревизија на УДНМ за населбите Подбреѓе, Шемшево, Озормиште, Требош и Нераште, согласно со насоките од овој план;
- Во рамките на урбаните опфати на населените места усвоени со овој план, УДНМ треба да ги гради следниве одредби за реализација: изградбата на објекти за домување треба да подлежи на добивање посебни дозволи за градба, при што треба длабочината на земјениот ископ за темелење да биде ограничена, согласно со претходно извршени геолошки истражувања на конкретната локација.

За погоните за индустриското производство и складиштата (складиштето за градежни материјали во Шемшево, погоните за градежни материјали и преработка на дрво во Озормиште) задолжително да се изработат еколошки елаборати и да се изведат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води (прописно изведени двокоморни бетонски септици).

Се налага перманентна контрола на постојни бензиски пумпи (контрола на притисок на вентилите во резервоарите и исправност на мрежата); за новопредвидени бензиски пумпи ќе се издаваат посебни дозволи од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во полјоделството ќе се применуваат следниве мерки:

- Забрана за користење на ѓубрива од 15 октомври до 15 март за ораници и од 15 ноември до 15 март за зелени површини;
- Употреба исклучиво на пестициди со време на распаѓање до 30 дена;
- Забрана за користење на пестицидите: алдрин, хлордан, диелдрин, ди-ди-ти, енрин, хептахлор, мирекс, токсафен, хексахлоробензол;
- Користење на податоци од постојни климатолошки станици во Јегуновце, за оптимализација на употребата на пестициди;
- Обработка на земјата со „no tillage“ техника;
- Спречување на дренажа на води од обработливи површини во реката Вардар;
- Наматување на површините под ораници, за сметка на зголемувањето на зелени површини (ливади, пасишта, затревени трајни насади);
- Определување на пробни парцели за следење на резултатите од примена на мерките;
- Мониторинг на квалитет на почва;
- Следење на азотот, фосфорот и пестицидите на постојните хидрометриски профили.

Во сточарството ќе се применуваат следниве мерки:

- Пречистување на отпадни води од стаи за добиток со капацитет поголем од нормата 3.5 условни грла/ха;
- Складирање на отпад од фармите на уредени локации (примена на фолии и друг вид на површински бариери);
- Забрана за депонирање на пцовисан добиток во зоната;
- Контрола на спроведувањето на мерките.

Во областа на водостопанството и комунално уредување ќе се применуваат следниве мерки:

- Воспоставување на заштитни зони околу изворите за водоснабдување на Втората зона;
- Решавање на водоснабдувањето на населбите што црпат вода од индивидуални бунари;
- Изведба на канализациона мрежа и пречистувањс на комунални отпадни води за сите населби од Втората зона;
- Регулација на реката Вардар на делници загрозени од плавење;
- Санирање на деградирани површини од експлоатација на песок и чакал на речните брегови;
- Одржување на крајбрежна вегетација за заштита од ерозивен нанос;
- Реконструкција на постојниот систем за наводнување „Радиовце-Бистрица".

Во областа на експлоатацијата на минерални суровини ќе се примснува следново:

- Експлоатација на песок и чакал од коритата на во- дотеците (пред се на реката Вардар) по специјално издадени дозволи од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во областа на шумарството ќе се применуваат следниве мерки:

- Пошумувањс на заштитните зони на изворите за водоснабдување;
- Одржување на шумите во земјоделското земјиште;
- Пошумување на ветрозаштини појаси;
- Стабилизирање на речни брегови за заштита од поплави и ерозија.

3.4.23 Според податоците од Управата за заштита на културно наследство (УЗКН), во границите на планскиот опфат постои археолошко наоѓалиште **„Просечник"** – населба од римско време (бр.08-294/3 од 12.08.2019), за кое во Извештајот за извршен увид од НУ Национален конзерваторски центар – Скопје (бр.08-294/3 од 12.08.2019) е утврдено дека е надвор од границите на планскиот опфат и не е потребно да се изработат заштитно конзерваторски основи. Доколку за време на изведување на градежни и земјени работи биде откриено движно и / или недвижно културно наследство, изведувачот е должен веднаш да ги сопре работните активности и за настанатата ситуација да го извести НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

3.4.24 Според известувањето од Јавното претпријатие за државни патишта (бр.10-10738/2 од 16.10.2019) при спроведување на Општиот акт, општината е должна да го почитува заштитниот појас на регионалните патишта Р 29274 (Р-424, делница Шемшово – Жилче-Лешок), согласно член 40 од *Законот за јавни патишта* („Сл.весник на Р.Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16) – заштитниот појас на автопат во кој неможат да се градат објекти или изведуваат градежни работи кои не се во функција на патот изнесува 40 метри, а на регионален пат изнесува 20 метри, мерено од крајниот раб на патниот појас, а не од коловозот.

3.4.25 При примена и реализација на овој Општ акт, за сè што не е дефинирано со овие Општи услови за градба, ќе се применуваат стандардите и нормативите утврдени со *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и *Правилникот за формата и содржината на Општиот акт* („Сл.весник на Р.Македонија" бр. 229/18).

3.5 Начин на реализација на инфраструктурните водови и градби

Во планскиот опфат дефиниран со **Општиот акт за село Жилче**, Општина Јегуновце, постојат веќе изградени сообраќајници (улици), како и изградени комунални инфраструктурни мрежи како што се: водовод, електрика и телекомуникациски инсталации. Тие се основа за развој и надградба на целокупната инфраструктурна мрежа во селото, која ќе овозможи приклучување на новоизградените градби.

ДУ Чистота Јегуновце има доставено информација дека има постојна секундарна водоводна мрежа и транзитна која оди за село Ратае, која е во нивна надлежност.

Според добиените податоци од Електродистрибуција ДОЕЛ Скопје, во рамки на планскиот опфат има постоен среднонапонски надземен вод и две среднонапонски трафостаници. Покрај тоа дадена е и траса на новопроектиран среднонапонски подземен вод.

За среднонапонскиот надземен вод е предвиден заштитниот појас од по 3,5м осовинско растојание. Минималните заштитни појаси се дадени во *Правилникот за техничките нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1кВ до 400 кВ* („Сл.лист на СФРЈ“ бр.65/88).

Од АЕК и Телеком е добиена информација за постојни бакарни телекомуникациски кабли.

Постојната инфраструктурна мрежа потребно е да овозможи приклучок на мрежата на секој објект кој се наоѓа во селото.

Доколку се утврдат потреби за напојување кои ги надминуваат капацитетите на постојната инфраструктура, изградбата на нови инфраструктурни мрежи и објекти ќе се врши со изработка на Проекти за инфраструктура, во согласност со член 52 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* („Сл. весник на Р.Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

3.6 Просторна организација и услови за градење во селски стопански двор

Во рамки на наменската зона за домување можна е реализација на објекти со основна класа на намени:

А1 -домување во станбени куќи во селско-стопански двор

Согласно важечкиот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, класата А1 ги опфаќа и селските стопански дворови т.е. во рамки на градежните парцели со класа на намена А1, освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско - стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

Урбанистичките параметри (процентот на изграденост и коефициентот на искористеност) кои ги детерминираат условите за градба во градежните парцели со намена А1-домување во станбени куќи во селско-стопански двор не ги опфаќаат помошните градби во функција на селско-стопански двор.

3.7 Опис на основните влезни и излезни постојни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото окружување

Со **Општиот акт за село Жилче** се дефинирани сите постоечкиот влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување, и тоа:

- на североисток – од / кон село Теарце и кон атарот на селото;
- на северозапад – од / кон село Лешок;
- на исток – од / кон село Шемшово;
- ма запад – од / кон село Ратае
- на југозапад – од / кон атарот на селото;

Низ планскиот опфат на село Жилче поминува дел од регионалиотн пат Р29274 (претходно означување Р-424), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Во понатамошните активности да се запази ширината на заштитниот појас на регионалниот пат, согласно член 40 од *Законот за јавни патишта* („Сл.весник на Р.Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

3.8 Сообраќајни услови за пристап до градбите и начин на решавање на стационарниот сообраќај

Стационарниот сообраќај - паркирањето да се решава во рамки на сопствена градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 58 и 59 од *Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање* ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Дефинирањето на идната улична мрежа во просторот на наменските зони ќе се реализира со Проекти за инфраструктура, што е во согласност со член 52 од *Законот за просторно и урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.Македонија„ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изградност, коефициент на искористеност, висина на венец и катност). Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди согласно горенаведениот правилник. Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

6. ПОДАТОЦИ ЗА ОТСТАПУВАЊЕ ОД ГРАНИЦАТА НА ОПФАТОТ

Границата на опфатот на **Општиот Акт за село Жилче,** Општина Јагуновце е превземена од графичкиот прилог на претходно донесениот Општиот акт за начин на градба за населено место с.Жилче, **без проширување,** и изнесува 91,25Ха.

7. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

7.1 Табеларен приказ на планираните содржини


Табела 1 - Нумерички показатели

	БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ				
ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ЖИЛЧЕ	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Површина Ха	Процент %	Вкупен процент на група на класа на намена %
	А ДОМУВАЊЕ	А1 - Домување во станбени куќи	69.97	76.68	76.68
	Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности	0.18	0.20	0.20
	В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ	В1 - Образование	0.62	0.68	1.02
		В5 - Верски институции	0.31	0.34	
	Д ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д1 -Парковско зеленило	0.84	0.93	3.67
		Д3 - Спорт и рекреација	1.97	2.16	
		Д4 - Меморијални простори	0.53	0.58	
	Г ПРОИЗВОДТСВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија	12.96	14.20	14.20
	Е ИНФРАСТРУКТУРА	Е1 - сообраќајници	3.85	4.22	4.22
	ВКУПНО		**91.25**	**100**	**100**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО

